

ИЗДАНИЕ БР.17, МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2019

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.РАЈКО ЖИНЗИФОВ

Фирмата „Градба промет" преку ангажираната оператива изврши асфалтирање на дел од ул.„Рајко Жинзифов".
Според проектот се работеше на асфалтирање на делница од стрмна угорница, со која се спојуваат два претходно асфалтирани делови. Во подготовката на улицата најпрвин се изврши порамнување на трасата, поставување на рабници и тампонирање.
Со овој проект општината за жителите од овој дел на градот обезбеди поквалитетен пристап и комуникација со регионалната улица „Шишка".

## АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ

Продолжува реализацијата на капиталниот проект на општината за реконструкција на главните сообраќајници во градот.
Ангажираната оператива на фирмата „Градба промет" асфалтираше делница од булеваротот „Моша Пијаде". Според планот се асфалтира коловозната лента од стариот кружен тек кај автобуската станица во правец кон новиот кружен тек над училиштето „Гоце Делчев".





## НОВ ПАРКИНГ

Општината го зголемува бројот на расположливите паркинг места во централното градско подрачје. Ангажираната оператива завршува со реализација на проектот, поплочување на запуштен простор на ул.„Тиквешко востание". Откако претходно беше отстранет шутот и земјата, местото се порамни, се поставија рабници и тампон, по што следеше редење на бехатон коцки. Вкупната површина изнесува 400 квадратни метри, каде ќе се обележат дваесеттина нови паркинг места.



## ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци завршува со реализација на сообраќајниот проект за означување со вертикална и хоризонтална патна сигнализација на новите кружни текови во градот. Паралелно се работеше на поставување сообраќајни знаци, како и на обележување на хоризонталната патна сигнализација. Специјализираната фирма „БОЈТА инг" од Скопје под надзор на надлежната сообраќајна служба од општината постави 80 сообраќајни знаци на 40 столбови и тоа на двата кружни текови на улицата „7 Септември" како и на кружниот тек на ул. „Тиквешко востаниа" поранешен прв триаголник. Активности на патната сигнализациа се одвиваат на кружниот тек кај Винарската визба „Тиквеш" каде се спроведуваше хоризонтално обележување на коловозните ленти, на пешачките премини и пешачки острови, како и обележување на границите на кружниот тек.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАРКИНГ

Општина Кавадарци успешно реализираше уште еден сообраќаен комунален проект. Ангажираната фирма „Изолација" заврши со реконструкцијата и проширувањете на паркингот под хотел „Балкан". Градежната механизација го поставуви завршниот слој асфалт на платото под хотелот и на ул.„Тошо Велков-Пепето" до спојот со ул.„7 Септември". На овој простор со вкупна површина од 1850 м2 Општината изгради нов паркинг, и асфалтираше два крака од ул.„Тошо Велков-Пепето". Беа обнови и пристапните скали помеѓу хотелот и дуќаните кои водат од плоштадот до паркингот, а се поставија и 6 нови канделабри со еколошки штедливи ЛЕД светилки како дел од Јавното улично осветлување. Со реализацијата на овој проект Општината Кавадарци го зголеми капацитетот на јавниот паркинг простор, а урбанизираше и запуштен простор во центарот на градот.

## НОВ ПРОСТОР НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД

На иницијатива на градоначалникот Јанчев се реализираше комунален проект за поплочување на просторот од северната страна на хотелот „Балкан" на ул.„7-ми Септември". Се работи за површина од 250 метри квадратни која беше запуштена и несредена. Ангажираната оператива заврши со градежните работи, по што и последниот запуштен простор на градскиот плоштад беше поплочен и урбанизиран. Овој дел од плоштадот сега има плато во три нивоа, кое ќе биде опремено со урбана опрема и предадено на користење на граѓаните на општината.





## АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ

Во пресрет на денот на ослободувањето „7ми Септември" Општината предаде на користење на граѓаните уште една обновена улица.

Ангажираната оператива на фирмата „Градба промет" асфалтираше делница од булеварот „Моша Пијаде" од стариот кружен тек кај автобуската станица во правец кон новиот кружен тек над училиштето „Гоце Делчев".

Успешно е реализиран уште еден дел од капиталниот проект на општината за реконструкција на главните сообраќајници во градот.

## КРАК НА УЛ.25ти МАЈ

Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци реализираше комунален проект за урбанизирање на крак од ул.„25-ТИ Мај". Според проектот ќе се работи на бетонирање на улицата која се наоѓа над големиот потпорен ѕид. А за пристап ќе се изградат и скали. На таа делница се поставуваа рабници, по што ќе следи бетонирање. Предвидено е да се бетонираат 400 метри квадратни. Со овој проект, кој општината го реализира на барање на граѓаните, ќе се обезбеди пристап на жителите од тој дел на градот. За пристап до нивните домови тие повеќе нема да газат прашина и кал. Општината со овој зафат им решава децениски проблем





## НОВА УРБАНА ОПРЕМА НА КЕЈОТ ВО с.ВАТАША

Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци деновиве постави типизирана нова урбана опрема на кејот-шеталиште во Ваташа.

Според проектот беа поставени 70 клупи на бетонски држачи со дрвени седишта, како и 60 корпи за отпадоци. Долж новиот кеј се поставени и 4 типизирани метални мостови. Со овој проект, кој општината го реализира на барање на граѓаните, се обезбеди урбанизиран простор за ваташани, како и регулирано речно корито за прифаќање и на екстремните води во реката Луда Мара.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## РЕКОНСРУКЦИЈА НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ

Општина Кавадарци продолжува со реализација на капиталниот проект за обновување на коловозите на главните градски улици. Оперативата на ангажираната фирма започна со вадење на старите рабници на дел од булеварот „Никола Минчев". Според проектот освен замената на рабниците предвидено е делумно гребење на стариот и дотраен асфалт, по што ќе следи финалниот дел за поставување на нова асфалтна подлога со дебелина од 5 сантиметри.Општина Кавадарци продолжува со реализација на значаен проект со кој по скоро пет децении централните и најстари улици кои се „крвотокот" на градските и регионални комуникации ќе се ревитализираат и ќе бидат многу побезбедни за одвивање на сообраќајот. Финсниските средства се обезбедени преку Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти, МСИП.





## КРАК ОД УЛ.25ти МАЈ

Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци започна поставување на бетонската подлога на коловозот на крак од ул.„25-ТИ Мај".

Според проектот се работи на бетонирање на улицата која се наоѓа над големиот потпорен ѕид. Предвидено е да се бетонираат 400 метри квадратни. По бетонирањето ќе следи изградба на пристапни скали. Со овој проект, кој општината го реализира на барање на граѓаните, ќе се обезбеди пристап на жителите од тој дел на градот. Општината со овој зафат им решава деценииски проблем. Тие повеќе нема да газат прашина и кал.

## ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Општина Кавадарци преку специјализираната група на ЈП „Комуналец" изврши обележување со хоризонтална патна сигнализација на новиот паркинг простор на ул.„Тиквешко востание". На оваа локација се добија 17 нови паркинг места кои ќе овозможат дополнителен уреден простор на јавниот паркинг во строгото централно подрачје на Кавадарци. Претходно општината на овој дел спроведе расчистување на терено, тампонирање, изградба на ограда, поставени се нови рабници и целосно се поплочи новата паркинг површина.





## ПОПЛОЧЕНА УЛ.ДАСКАЛ КАМЧЕ

Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци заврши со поплочувањето на ул.„Даскал Камче" во Ваташа.

Според проектот на површина од 270 метри квадратни на местото на старите гранитни коцки се поставени бехатон плочки.

Општината овој проект го реализира на барање на жителите од ул.„Даскал Камче" во Ваташа. Ова е првата од неколкуте улици во селото Ваташа кои во наредниот период ќе бидат реконструирани.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ПРОШИРУВАЊЕ НА КРАК

Општината Кавадарци во рамките на комуналната изградба работи на проект за проширување на крак од ул.„Страшо Пинџур", кај „Желков дол".
Според проектот ќе се проширува коловозната лента од сегашните 2,8 метри на 5 метри коловоз со тротоар. Проширувањето е во должина од 100 метри, а е на делницата од главната траса на „Страшо Пинџур" во правец на спој со улицата „Ѓоре Брушански". Општината овој проект го реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци.

## ОБНОВЕН ПАРКОТ ПОЛАНА

Општината Кавадарци успешно реализираше уште еден значаен комунален проект. На користење на граѓаните на Кавадарци е предаден обновениот парк „Полана". На оваа локација општината оформи нови паркинг места со косо паркирање, потоа спроведе подобрување на јавното осветлување со ниски канделабри и ЛЕД светилки, а целосно ги обнови зелените тревни површини. Посадени се и ниско стеблести украсни растенија, а екипа на ЛП „Комуналец" спроведе и целосно нова линија за полевање на сите зелени површини во паркот





## НОВ ПАРКИНГ

Ангажираната градежна оператива на фирмата „Градба промет" од Кавадарци, започна со реализација на уште еден комунален проект на општината, во Ваташа.
Се поплочува паркингот позади зградата во центарот на селото. Според проектот на површина од 400 метри квадратни ќе се поставаат бехатон коцки.
Со урбанизацијата на тој простор, жителите од овој дел на Ваташа ќе добијат уредено место за паркирање без кал и прашина.



## НОВИ СКАЛИЛА

Успешно е завршен проектот од комуналната изградба на улицата „25ти Мај". Оперативата на фирмата „Градба промет" ги изгради пристапните скали кои поврзуваат две нивоа на оваа улица веднаш до потпорниот ѕид.
Со ова се комплетираа градежните активности. Претходно општината изврши пробивање на улицата со асфалтирање,изградба на крак над потпорниот ѕид со рабници и бетонска подлога на коловозот, а завршната фаза беше изградбата на пристапните скали. Општината и овој проект го реализираше на барање на граѓаните од овој дел на Кавадарци. Сега повеќето индивидуални станбени објекти имаат урбанизиран и безбеден пристап за возила и пешаци.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВ ТРОТОАР НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР

Градежната оператива на ангажираната фирма „КОП Инжинеринг" од Скопје започна со поплочување на дел од тротоарот на Западен Булевар.
Според проектот на Општина Кавадарци градежните работи се спроведуваат на делницата од паркингот кај Градската капела до паркингот на ВВ Тиквеш.
На вкупна површина од 650 квадратни метри се поставуваат бехатон коцки, а на спојот со тревникот се поставија и мали рабници.
Со реализацијата на овој проект општината заокружува урбанизација на дел од „Западен булевар" каде се изгради и најголемиот и според сите стандарди најдобро уреден кружен тек во градот кај ВВ Тиквеш.





## ПРОШИРУВАЊЕ НА КРАК

Општината Кавадарци преку ангажираната оператива продолжува со работа на проект за проширување на крак од ул.„Страшо Пинџур", кај „Кавадаречки дол".
Проширувањето е во должина од 100 метри, на делницата од главната траса на ул.„Страшо Пинџур" до спојот со улицата „Ѓоре Брушански".
Се поставуваа рабници на проширената коловозна лента која од првобитните 2,8 метри ќе се зголеми на 5 метри, вклучително и тротоар. Паралелно се работеше и на изградбата на мал потпорен ѕид.
Општината овој проект го реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци

## ТРОТОАР НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ

Во рамките на програмата за комунална изградба Општина Кавадарци релизира проект за поплочување на дел од тротаорот на булеварот „Никола Минчев".
Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци е во фаза на поставување тампон на тротоарот од страната на новиот зелен пазар. На оваа позиција ќе се постават бехатон коцки на површина од 450 метри квадратни. Претходно на таа делница на местото на старите се поставија нови рабници.
Со овој проект општината ќе урбанизира уште една делница од тротоарот на булеварот во правец кон спојот со „Северен булевар".





## ПОПЛОЧЕНА УЛ.ПЕРО ВИДЕВ

Жителите на Ваташа добија на користење уште една ревитализирана улица
Оперативата на фирмата „АС-Машини" од Кавадарци заврши со поплочување на ул.„Перо Видев" на потегот од „Грковата чешма" до спојот со ул.„Данко Дафков". На оваа улица се спроведе поплочување со бехатон коцки на вкупна површина од 1.000 метри квадратни.
Претходно општината преку ЈП „Комуналец" на истата траса изврши реконструкција на водоводната линија во должина од 200 метри
И овој проект, општината го реализираше на барање на граѓаните, при што обезбеди подобар пристап и комуникација на жителите од тој дел на Ваташа.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ПОПЛОЧЕНА УЛИЦА ВО с.ВОЗАРЦИ**

Оперативата на ангажираната фирма „Патио монт“ од Кавадарци деновиве работи на поплочување на пристапен пат до црквата во селото Возарци. Според проектот на општина Кавадарци во оваа фаза се поплочува површина од 400 метри квадратни, на потегот од спојот со локалниот пат кон браната на „ХЕЦ„Тиквеш“ во правец на црквата.
Општината и овој проект го реализира на барање од жителите од селото Возарци.



**АСФАЛТИРАН ДЕЛ ОД УЛ.ЦРНОРЕЧКА**

Ангажираната оператива на фирмата „Градба промет“ асфалтираше делница од улицата „Црноречка“. Според проектот на Општина Кавадарци беа асфалтирани нови дополнителни 140 метри од оваа улица која минува до „Кавадаречки дол“.
И овој комунален проект општината го реализира во рамките на Програмата за комунална изградба, а на барање на граѓаните од тој дел на Кавадарци.



**ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ**

Општината Кавадарци преку ангажираната оператива деновиве работи на поплочување на тротоарите на проширувањето на крак од ул. „Страшо Пинџур“, кај „Кавадаречки дол“.
Тротоарите се дел од се проширувањето на коловозната лента од сегашните 2,8 метри на 5 метри. Проширувањето е во должина од 100 метри, а е на делницата од главната траса на „Страшо Пинџур“ во правец на спој со улицата „Ѓорe Брушански“. Општината овој проект го реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци.

# ПРОЕКТ

# ДИГИТАЛНО УЧЕЊЕ ЕВРОПА ОД ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС



**Градоначалникот Митко Јанчев оствари средба со професори од средни училишта од Полска,Хрватска и Германија кои работат на проектот Дигитално учење -Европа од програмата ЕРАЗМУС во партнерство со СОУ Добри Даскалов. На средбата Градоначалникот даде целосна поддршка на проектот кој е во тек и на проекти кои ќе започнат во иднина.**



# CALL CENTAR

## НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



Општина Кавадарци во последните неколку години бележи голем економски раст.
Прогресивното развивање на Општина Кавадарци во поглед на позитивните економски случувања, подобреното општество во кое младите наоѓаат простор за градење кариера и напредок, доведе до идеја за еден ваков проект, се со цел да помогне да го подигнеме квалитетот на живеењето во нашата општина.
Во време кога градовите се соочуваат со огромни економски и еколошки предизвици, токму технологијата може да биде клучен фактор за надминување на градските проблеми и унапредување на урбаното живеење. Од тука и идејата за воведување на систем по концепт на паметни градови по пример од европските и сведските метрополи.
Концептот на паметни градови се однесува на користењето на напредни дигитални технологии за оптимизирање на градските ресурси, намалување на трошоците, подобрување на квалитетот на животот и обезбедување на подобри услуги кон граѓаните.
Планираме да го олесниме целокупното функционирање на општинската админстрација, услугите кои ги нуди општината да бидат едноставни лесно разбирливи, лесно одржливи и забрзување сите процеси со цел да придонесиме за поквалитетен живот во Општика Кавадарци
Со целокупниот Проектот напаметни градови се опфатени и прецизирани повеќе области и проекти и тоа Call центарот се наоѓа во посебна просторија во општинската зграда, центар во кој ќе се обработуваат повеќе типови на податоци ќе се примаат повици од граѓаните , се поврзани во сите поважни субјекти во ингеренции на општината, со одделението Мој Општинар, ЈП Комуналец – Кавадарци, ЈП Паркинг-Кавадарци, Противпожарна единица – Кавадарци.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**13-300**

callcentar@kavadarci.gov.mk

**ДА СЕ ПОМАГА НА ЛУЃЕТО КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ПОМОШ Е МОРАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА СИТЕ НАС.** За жал , понекогаш животот ни приредува тешки моменти кои уште потешко се надминуваат. Марија Трајкова на своите 17 години остана без двајцата родители, остана сама да продолжи по патот полн со предизвици. Градоначалникот Митко Јанчев, Советот на Општина Кавадарци и вработените во локалната самоуправа, денес, и доделија вредносен ваучер во износ од 247 808 денари за подмирување на наследени обврски се со цел безгрижно да го продолжи своето образование како доста солиден ученик на Медицинскиот факултет во Скопје.
Марија ни вети дека преку труд и учење ќе постигне добри резултати и еден ден ќе бидеме горди на неа.



# Приказна под отворено небо!

Кавадарци веќе некое време пишува нова приказна. Се менува ликот, се менуваат навиките на живеење, се менува начинот на функционирање во градот убав. Кавадарци се движи напред , се доближува до современите урбани средини и по изгледот, и по начинот на живеење и по условите кои ги нуди за развој и постигнување успех во сите сфери.

Тиквешкиот Гроздобер како манифестација постои од 1964 година, од тогаш па се до денес драстично се менува начинот на прослава и изгледот на фестивалот.

Оваа година испишавме уште една приказна која години подоцна сигурно ќе биде тема за пишан материјал , изложби на фотографии и потсетување со квалитетни видео материјали.

Ќе има и негативни коментари кои ќе бидат основата за почеток на организирање за наредната година. Имаше и грешки со кои исто така ќе започнеме да се водиме за наредниот план за организирање.

Фестивалот уште поуспешен од минатата година , година во која мислевме дека бевме сведоци на најдобриот фестивал до сега ,но еве ,можело и подобро.

Нема ништо поубаво од насмеани ликови , кренати чаши со вино за здравица , распеани друштва.

Кавадарци славеше 3 дена а макотрпно се организираше со месеци. Голема благодарност до сите покровители на Тиквешкиот Гроздобер, до винариите, до угостителските објекти кои беа дел од фестивалот , благодарност до сите кавадарчани кои беа добри домаќини.

Благодарност до сите кои беа дел од големиот тим за работа. До сите институции кои и надвор од работните активности беа вклучени во секое време за безбедноста на посетителите.

Сите ние заедно ја напишавме оваа приказна.

Браво Кавадарци, браво кавадарчани.

Со почит,

**Тимот на Тиквешки Гроздобер 2019**

















# ИЗЛОЖБА
## “ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“
### ОД 1965-1981



На ден 6ти септември во Локален Музеј-галерија се отвори изложба на фотографии од гроздоберите во Кавадарци од 1965 до 1981 година, снимени од Бранко Ивановски- новинар кој ги снимал сите нови објекти кои се граделе и старите што се рушеле во градот. Починал во 2002 година. Фотографиите (од негативи) и изложбата ги изработи Јадран Манчев, кој е и автор на истата во соработка со вработените од Музеј-галерија. Претсавени беа 60 фотографии и еден банер.На самата изложба говореа директорот на Музеј-галерија Весна Ѓорѓиева и градоначалникот м-р Митко Јанчев кој воедно го прогласи и официјалниот почеток на гроздоберот.

За време на “Гроздоберот“, Локален Музеј-галерија работеше во деновите сабота и недела (7-8 септември) со што им се даде можност на посетителите да ги посетат музеите и се запознаат со содржините во нив.





# КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН

На 15ти октомври во Кавадарци започнува традиционалната културна манифестација „КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН“ во организација на Градоначалникот, Советот на Општина Кавадарци и Домот на културата „Иван Мазов – Климе“ во соработка со останатите културни институции од градот, сите основни и средни училишта и МБУЦ „Лазо Мицев – Рале“.

И оваа година ќе има настани од сите гранки на уметноста, а тимот кој е задолжен за селекција на истите, се погрижи да ги има за секој вкус. Ќе преовладуваат се разбира уметници од Кавадарци, но ќе има и врвни поединци и групи кои ќе ја споеделат својата уметност со нашите сограѓани кои ни доаѓаат од сите делови на Македонија но и гости од Балканот.

За многу брзо време ќе излезе од печат и целосната програма која ќе се одвива во рамките на КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН , а со самото тоа ќе биде достапна и за сите граѓани на Општина Кавадарци. Сега како информација можеме да споделиме дека ќе има: Изложби, Кавадаречки фолклорни средби, промоции на книги, вечер посветена на Никола Бадев, неколку концерти од професори и ученици од МБУЦ Лазо Мицев – Рале, концерти на студија по модерни танци, проекции на филмови, театарски претстави итн итн.

Оваа година „КАВАДАРЕЧКАТА КУЛТУРНА ЕСЕН“ е збогатена со „Месец на театарот“ кој би се случил од последната третина на Октомври до последната третина на Ноември, каде ќе се одбележат 90 години од првата одиграна театарска претстава во Кавадарци. Во рамките на овој јубилеј, кавадаречката театарска публика ќе има можност да погледне најмалку 10тина претстави, од кои 3 или 4 од сопствената продукција на театарот при Домот на културата и неколку претстави од театри гости, професионални и аматерски. Од сопствената продукција ќе бидат изведени детско – младинските претстави „Волшебникот од ОЗ“ И „Снежана и седумте џуџиња“ (премиерно) во режија на Микица Илова и „Од кол на кол...“ во режија на Диме Коцевски. Голема е веројатноста дека ќе има уште една премиера од кавадаречкиот театар, но тоа ќе се знае за неколку дена. Останатите претстави кои ни се предвидени како гостувања на театри од Македонија, ќе бидат во програмата на КАВАДАРЕЧКАТА КУЛТУРНА ЕСЕН. Вредно за споменување е дека месецот на театарот ќе започне со изложба на фотографии од претстави кои се играни во последните 60тина години.



# ЌЕ СЕ ГРАДИ СКЕЈТ ПАРК ВО КАВАДАРЦИ

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион ќе го реализира проектот “Изградба на скејт парк со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарскиот плански регион“.

Проектот е кофинансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација. Општина Кавадарци учествува со околу 50% од вкупните средства. Голема благодарност до професионалниот скејтер Петар Вагенер од Германија кој веќе подолго време волонтира во Општина Кавадарци и беше најголем иницијатор за изградбата на скејт парк.







# РИДСКО – БРЗИНСКА ТРКА ВО КАВАДАРЦИ



По речиси повеќе од десетгодишна пауза автомобилистичкиот спорт и високите октани повторно во Кавадарц.

На 28ми и 29ти септември се возеше ридско – брзински натпревар на патеката Кавадарци – Витачево во рамки на македонскиот шампионат на патеката која се протега на патниот правец брана Моклиште – Витачево и е во должина од 5,3 км.

Градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев освен што даде целосна поддршка на денешната трка имаше и свое учество и постигна одлични резултати. Тој во категоријата Е1-1600 заостануваше само 8.42 зад победникот и успеа да освои четврто место.

Овој терен е одличен за ваков тип на натпревари и со подобрување на условите ,Градоначалникот вети дека ќе се потруди, Кавадарци и во наредните години да биде домаќин на автомобилизмот и ридските трки.



Полека ама сигурно влегоме у десеттиот месец од воа Лето Две Иљади и Деветнајсто. Топлото време не попушта, шо е добро за човеците да си ги дооберат лојзињата, ама од друга страна е лошо шо неќе капка дожд да падне да а освеже земјата а богами и нас... Октомври е безициран за зимници, иако голем дел од младите невестички ци влезат у некој маркет и ци купат и пинџур и крставички таканаречени корнишонки, и руски салати итн итн. Сепак има уште доста домаќинки кои тоа си го прават на стар и добро проверен начин. Мажјата купуат од пазарот робата, они засукуат ракавите и ги прават деликатесите кои ќе ги конзумираме на сите можни начини цело зимо. За се си има марифет за правење. Сите скоро го праат на ист начин ама секоа домаќинка си има некој посебен белег по кој тврде дека нејзината зимница е најубава. Тоа го имат научено од мажјата нивни кога си а фалат ракијата, затоа шо не постое прав Кавдарчанец кој шо држе до својта вештина у правење на ракија, да не каже дека неговата ракија е најдобра. Не ретко иам постирано уш нешто за правачите на ракија, а тоа е дека нема Кавдарчанец, па кај и да живее, да не излаже за тоа кууку години му е стара ракијата. Почетно е секогаш над 5 години, а неретко се завршуе со познатта прикаска: „Ја ка су се родил, Дедо оставил еден билнак ракија и го запечатил. Од таа ракија пииме сеа. Воа оти ти ми дојди на гости иначе не а чепкам таа". Е сеа има и такви искрени шо ќе речат: Каква стара ракија, кај и даваме да остаре :)

Есен, можеби најубавиот период од годината (освен зима со ајле снег), можиш да си испадниш у било кој дел од денот. Го нема пеколот на летто, го нема студот на зимото, а ги има најубавите бои, кои само и само мајката природа може така да ги искомпонира до перфекција. Си испаѓаш сабајлето, се враќаш вечерта човечки облечен плус со едно џамаданче, згорнинка у раката за приквечер ка ќе освеже. Може и заради тоа некко есента ми е градот најраздвижен и покрај фактот шо цела студентарија ни бега по факсовите ширум Македонијата. Па и ако се земе предвид фактот дека Кавадарци секој ден станува се поубав, поурбан, почист и уште ајле ПО нешта, уште поголем е меракот ка ќе си ги завршиш работните обврски, да си најдиш друшка (кој со кого милува нормално) и да го изодиш градот ни убав и по должина и по ширина...

За скоро време е панаѓурот, манифестација зад која се дига ајле прашина, особено околу тоа дали да се оддржуе воопшто или да се укине како таква. Мислењата се поделени, некои сметат дека у 21ви век не ни треба панаѓур, некои сметат дека е стара долгогодишна традиција која не би требало да се прекинува, има и такви кои не му е гајле дали ќе има или ќе нема панаѓур, ама верујте ми на зборот кога ќе кажам дека од сите три категории на човеци шо и спомнав погоре, голем дел од нив одат и го проб'шкуат панаѓурот, ако за ништо друго бар чарапи (три за сто дИнари) и гаќи да си купат, или да изедат една десетка со кромид која некко е ногу послатка од скарите на истиот тиа панаѓур...

П. С. Ѓоа па мора секкаш да иам П. С. ?!? :)

By КОЦЕВСКИ

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**